Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 96, 15 февруари 2013 година

февруари 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Основи на финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Германско-македонски разговорник“ (практикум за предметот Германски јазик) од д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум за музичко образование и воспитание со методика - за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување“ од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Методика на наставата по музичко воспитување и образование“ за Одделенска настава од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Деловна комуникација“ од проф. д-р Еленица Софијанова, проф. д-р Маргарита Матлиевска и м-р Тамара Јованов-Марјанова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Вовед во теорија на аудиопродукција“ од асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Антонијо Китановски од Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Водич низ пијанистичките техники“ од авторите асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот скрипта „Просторно планирање“ од д-р Никола В. Димитров, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Техника и практични вежби за инструментот џез тапани” од доцент м-р Александар Секуловски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 26



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО / СКРИПТА „ТЕХНИКА И ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЏЕЗ ТАПАНИ” ОД ДОЦЕНТ М-Р АЛЕКСАНДАР СЕКУЛОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на точка 4 од Правилата за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, (Универзитетски гласник број 23/2012), Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на седницата одржана на 17.10.2012 донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/скрипта под наслов „**Техника и практични вежби за инструментот џез тапани**” од авторот доц. м-р Александар Секуловски и тоа:

- доц. м-р Сашо Поповски, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и
- проф. м-р Ѓеорги Мицанов, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип

По прегледот на приложениот ракопис/скрипта под наслов „Техника и практични вежби за инструментот тапани” од авторот доц. м-р Александар Секуловски, кој е наменет за студентите од Одделот за џез студии за прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Рецензентската комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата под наслов „**Техника и практични вежби за инструментот тапани**” од авторот доц. м-р Александар Секуловски е компатибилна со Наставната програма по предметот Џез тапани 1, што се изучува на Одделот за џез студии, Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, на додипломските студии на прв циклус студии. Предметот е задолжителен за сите студенти на Одделот за џез студии и се изучува во првот семестар во прва година и согласно со сите постоечки студиски програми на единицата и се вреднува со 6 кредити.

Скриптата е поделена на седум глави кои го претставуваат фундаментот за методика, техника и практични вежби за инструментот тапани, кој се применува во современата џез музика.

1. Историски преглед, развиток на инструментот од почетоците до ден-денешен, начин на кој се јавува потреба од создавање на инструментот и неговиот денешен изглед;
2. Компоненти на сетот, детално објаснение кој дел од инструментот од каде потекнува и неговата функција во современиот сет тапани;
3. Методика на свирење, во овој детално се објаснати потребните чекори кои треба студентот да ги преземе при изучувањето на инструментот тапани;
4. Технички методи, историски пристап и објаснение за потребата од развивање на метод, стил и начин на свирење, најпознатите методи кои датираат од минатото сè до денес, техички примери;
5. Држење на палките, техника и начин, поставување и пристап кон инструментот;
6. Практични вежби за мал барабан, овој дел изобилува со технички вежби кои се застапени за почетници па сè до напредни студенти, технички примери;
7. Технички вежби за сет тапани, координативно-мелодиски вежби.

Особено плени концизноста при презентацијата на изложените тематски поглавја. Текстот е соодветен и корисен за студенти со различни нивоа на музички развој и е

навистина корисен како помагало во првиот семестар на изучување на предметот Џез тапани 1.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало/скрипта, претставува извонредна основа за подготовка и усовршување на студентите на Џез одделот, во делот на историскиот развиток, постапно и експлицитно презентираната проблематика дава голема можност за користење на овој материјал во наставниот процес.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало/скрипта „**Техника и практични вежби за инструментот тапани**" од авторот доц. м-р Александар Секуловски разработува еден од фундаменталните аспекти во џез музиката. Разработените содржини се во согласност со студиската и предметната програма на дисциплината Џез тапани 1, што ја изучуваат сите студенти на Одделот за џез студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Рецензентската комисија предлага ракописот „**Техника и практични вежби за инструментот тапани**" од авторот доц. м-р Александар Секуловски да биде печатен како учебно помагало скрипта за потребите на студентите од Одделот за џез студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**
**Проф. м-р Ѓеорги Мицанов, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**